**20252254364**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 29 став 2 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 37/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА УСЛОВИТЕ И ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ЕФЕКТИВНИ ДОМАШНИ ПАРИ И ЧЕКОВИ И МОНЕТАРНО ЗЛАТО КОИШТО МОЖАТ ДА СЕ ВНЕСУВААТ ВО ИЛИ ДА СЕ ИЗНЕСУВААТ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат условите и висината на износот на ефективни домашни пари (во натамошниот текст: готовина во домашна валута) и чекови и монетарно злато коишто можат да се внесуваат во или да се изнесуваат од Република Северна Македонија.

## II. УСЛОВИ И ВИСИНА НА ИЗНОСОТ НА ГОТОВИНАТА ВО ДОМАШНА ВАЛУТА И ЧЕКОВИ И МОНЕТАРНО ЗЛАТО КОИШТО МОЖАТ ДА СЕ ВНЕСУВААТ ВО И ДА СЕ ИЗНЕСУВААТ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2. Резидентите и нерезидентите можат во патничкиот промет со странство да внесуваат во, односно да изнесуваат од Република Северна Македонија готовина во домашна валута во износ до 120.000,00 денари по лице и чекови коишто гласатна денари во вкупен износ до 120.000,00 денари.

Нерезидентите можат во патничкиот промет со странство да внесуваат во, односно да изнесуваат од Република Северна Македонија готовина во домашна валута во износ поголем од износот наведен во ставот 1 на оваа точка, само со документ дека готовината во домашна валута е купена од или е подигната од сметка кај давател на платежни услуги во земјата или странство.

Документот од ставот 2 на оваа точка не може да биде постар од 30 дена од денот на издавањето и нерезидентите се должни при излегувањето од, односно при влегувањето во Република Северна Македонија да го пријават на надлежниот царински орган поради заверка.

3. Вработените во превозните средства коишто вршат меѓународен сообраќај можат да изнесуваат од, односно да внесуваат во Република Северна Македонија готовина во домашна валута во износ поголем од износот од точката 2 на оваа одлука, ако е остварена од производи продадени на физички лица.

4. Резидентите и нерезидентите можат да внесуваат во Република Северна Македонија пригодни ковани пари и пригодни банкноти издадени во Република Северна Македонија без ограничување.

Пригодните ковани пари и пригодните банкноти издадени во Република Северна Македонија можат да се изнесуваат од Република Северна Македонија само со приложување документ со кој може да се потврди нивното купување кај овластен продавач во Република Северна Македонија, односно со приложување исправа издадена од царинските органи за нивно пријавување при внесувањето во Република Северна Македонија.

5. По исклучок на точката 2 на оваа одлука, од Република Северна Македонија може да се изнесе готовина во домашна валута над износот определен во точката 2 на оваа одлука, по претходно добиено одобрение од Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка).

Народната банка ќе го издаде одобрението од ставот 1 од оваа точка доколку се изнесува:

- готовина во домашна валута само за нумизматички и колекционерски цели од сите апоени,
- готовина во домашна валута потребна за тестирање банкомати и машини за броење книжни и ковани пари, под услов кон барањето за добивање на одобрението да се приложи банкарска гаранција од странската фирма дека по извршеното тестирање, а најдоцна во рок од 6 (шест) месеци од денот на приемот на готовината во домашна валута, таа ќе се врати во Република Северна Македонија;
- готовина во домашна валута којашто физички или хемиски се уништува во странство.

6. Ограничувањето од точката 2 на оваа одлука не се однесува на давател на платежни услуги во земјата при продажба или купување готовина во домашна валута на/од странски давател на платежни услуги, врз основа на договор за продажба/купување на готовината во домашна валута склучен со странскиот давател на платежни услуги.

При изнесувањето, односно при внесувањето на готовината во домашна валута од/во Република Северна Македонија, давателот на платежни услуги е должен на надлежниот царински орган да му поднесе три примерока од платниот налог, којшто е пропишан и пополнет во согласност со подзаконскиот акт на Народната банка за извршување платежни трансакции.

Давателот на платежни услуги во земјата е должен да достави известување до Народната банка за изнесувањето, односно за внесувањето на готовината во домашна валута од/во Република Северна Македонија во рок од еден работен ден.

7. Внесувањето во и изнесувањето од Република Северна Македонија на готовината во домашна валута за Народната банка може да го врши само лице коешто има писмено овластување од гувернерот на Народната банка.

8. Монетарно злато во и од Република Северна Македонија без ограничување може да внесува и да изнесува само Народната банка.

Внесувањето во и изнесувањето од Република Северна Македонија на монетарното злато може да го врши само лице кое има писмено овластување од гувернерот на Народната банка.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

9. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите и висината на износот на ефективни домашни пари, чекови и монетарно злато кои можат да се внесуваат во или изнесуваат од Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/07 и 184/18).

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-35008/3
30 октомври 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.